**Известување за концентрација со која ВЛЦ ХОЛДИНГ АБ, ("ХМ ХолдКо") Стокхолм Шведска и Варгас ХМВХ АБ, Стокхолм, Шведска ќе формираат целосно функционално заедничко вложување**

**(предмет бр. 08-120/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 10.08.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ВЛЦ ХОЛДИНГ АБ, со регистрирано седиште на К/о Ха унд Ем Фешн АБ, Мастер Семјуелсгатан 46 А, 106 38 Стокхолм, Шведска ("ХМ ХолдКо") и Варгас ХМВХ АБ, со седиште на К/о Алтор Еќуити Партнерс АБ Јакобсгатан 6 111 52 Стокхолм, Шведска ќе формираат целосно функционално заедничко вложување ("ЗВ") помеѓу Ха унд Ем ХолдКо (*HM HoldCo*) и Варгас, кое се планира да биде активно во синџирот на вредност на текстилот.

ХМ ХолдКо е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Ха унд Ем Фешн АБ, матичен бр. 556922-7878 ("**ХМФ**"), кое е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Ха унд Ем Хенес унд Мауриц АБ (пабл) (*H&M Hennes & Mauritz AB (publ)*) и дел од групацијата Ха унд Ем ("**ХМ**"). Бизнисот на ХМ се состои главно од продажба на производи за широка потрошувачка, вклучувајќи облека, додатоци, обувки, козметика, домашен текстил и домашна опрема. ХМ ги продава своите производи преку различни брендови, т.е. H&M. H&M Home, H&M Move, COS, ARKET, Weekday, Monki и & Other Stories.

ХМ има едно претпријатие-ќерка инкорпорирано во Северна Македонија – Х&М Хеннес & Мауритц МК ДООЕЛ Скопје, со седиште на Мирче Ацев 2/3, Скопје, регистрирано за малопродажба на облека во специјализирани продавници.

Варгас ХМВХ АБ е холдинг компанија без сопствен бизнис. Заеднички е контролиран од Калскар АБ (*Kallskär AB*) и ХЦО2 АБ (*XCO2 AB*). И Калскар АБ и ХЦО2 АБ се холдинг компании одделно контролирани од две шведски физички лица. Двете физички лица претходно инвестирале и основале друштва под ознаката за инвеститори Варгас (заедно како "**Групација Варгас**"), и главно се фокусира на одржливите индустриски иновации.

Варгас ХМВХ АБ нема претпријатија-ќерки или активности во Северна Македонија.

ЗВ ќе биде активно во синџирот на вредност на текстилот.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.08.2023 година
Скопје